До:

МЕПСО

e-mail: info@mepso.com.mk

БАРАЊЕ ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: Администратор ИЛИЈА БЕНДЕВСКИ, ( З_ИРМ )

(во името на група на инженери),

ул. Васко Карангелевски бр 17 Битола.

телефон 075 541 917,

e-mail: zdruzenie.na.inzeneri.rm@gmail.com

Предмет: Барање за пристап до јавни информации во врска со изградбата на ветропарк во околината на Штип (Алказар Енерџи)

Почитувани,

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер(Сл.весник на РСМ број 101/2019), бараме институциите наведени во насловот да ни овозможи слободен пристап до следните информации од јавен карактер:

БАРАМЕ во најкраток можен рок да ни биде доставена (или објавена на веб-страниците на надлежните институции) целосната документација поврзана со најавената инвестиција на инвестицискиот фонд „Алказар Енерџи“ за изградба на ветропарк во околината на Штип, вклучително, но не ограничено на:

1. Одлуки, записници и акти на Владата и надлежните министерства во врска со проектот;

2. Јавен повик, договори, меморандуми или други форми на спогодби склучени со инвеститорот;

3. Студија за оцена на влијанието врз животната средина (ОВЖС), со прилози;

4. Урбанистичка документација за предвидената локација (детален урбанистички план, урбанистички проект и слично);

5. Издадени одобренија за градба;

6. Издадени лиценци, дозволи и согласности од страна на РКЕ, МЕПСО, Министерството за економија, Министерството за животна средина и локалната самоуправа;

7. Документи поврзани со доделување на концесија, доколку истата е издадена;

8. Документација за јавни расправи и консултации со засегнатата јавност (објави, стенограми, присуства, забелешки од јавноста);

9. Проценка за трошоци и корист (cost-benefit анализа) за државата и граѓаните;

10. Стратегиска анализа и енергетски развоен план во кој е вклучен овој проект;

11. Информации за сопственичката структура на „Алказар Енерџи“, вклучително и посредници и правни субјекти ангажирани во постапката.

12. Документација и/или студија што морала да биде изработена од страна на МЕПСО во врска со приклучувањето на ветропаркот на електроенергетската мрежа, вклучително и технички, правни и финансиски аспекти на приклучокот.

Имајќи предвид дека станува збор за објект од стратешко значење за државата, со влијание врз природните ресурси, животната средина и цената на енергијата за граѓаните, сметаме дека објавувањето на целата документација е во јавен интерес, кога информацијата се однесува на заштита на животната средина, природни ресурси и здравјето на населението.

Доколку институцијата смета дека дел од информациите содржат заштитени или доверливи податоци, бараме применување на начелото на „одвојување“ , со доставување на достапните делови од документацијата.

Бараме наведените информации да ни бидат доставени водата електронска форма преку е-пошта или во писмена форма, согласно законски предвидениот рок и согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Очекуваме Ваш одговор во законскиот рок од 20 дена.

Битола 27.07.2025год

Со почит,

1. Ана Лазаревска, проф., д-р. дипл. маш. инж

2. Атанаско Тунески, проф., д-р. дипл. маш. инж

3. Дејан трајковски, проф., д-р. дипл. маш. инж

4. Ели Секуловска, дипл. ел. инж.

5. Илија Петровски, проф, д-р. дипл. маш. инж (Пензиониран )

6. Илија Бендевски. дипл. ел, инж. (Пензиониран )

7. Методија Величковски ,- Ген. потполковник (Пензиониран)

8. Цветко Милопевски, дипл. ел. инж. (Пензиониран )

9. Татјана Илиевска, дипл. ел. инж

10. Златко Поповски. дипл.ел. инж. (Пензиониран )